**УНИВЕРЗИТЕТ**
**„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“**
**ШТИП**

**Професор д-р ЈАНКА ДИМИТРОВА**

# Р Е В И З И Ј А
# (теоретски и практични аспекти)




Штип, 2020 година

# Р Е В И З И Ј А
(теоретски и практични аспекти)

**Проф. д-р Јанка Димитрова**

**НАСЛОВ НА ПУБЛИКАЦИЈАТА**

РЕВИЗИЈА

(теоретски и практични аспекти)

**Рецензенти:**

**Проф. д-р Оливера Ѓоргиева – Трајковска и Проф. д-р Љиљана Конеска**

**Лектор:**

**Славица Манчева**

**Техничко уредување:**
**Ефтимија Димитрова**

**Издавач:**

**Универзитет „Гоце Делчев” - Штип**

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

657.6(075.8)

ДИМИТРОВА, Јанка
Ревизија [Електронски извор] : (теоретски и практични аспекти) /
Јанка Димитрова. - Текст, табели. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", 2020

Начин на пристапување (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/916. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 22.05.2020. -
Библиографија: стр. 347-354

ISBN 978-608-244-724-7

а) Ревизија -- Високошколски учебници

COBISS.MK-ID 51272709

# РЕВИЗИЈА
# (теоретски и практични аспекти)

Штип, 2020

*Со љубов и благодарност на*
*ќерката Ефтимија,*
*сопругот Драги*
*и моите ценети родители*
*Крсто и Злата Доневи*

**ПРЕДГОВОР**

**Почитувани читатели,**

Развојот на ревизорската професија е тесно поврзан со развојот на сметководството. Постојат записи што укажуваат дека уште пред четири илјади години пред нашата ера, кај древните цивилизации на Блискиот Исток постоело чување на записите за организираното управување и работење, што се однесувале на трошоците, даноците и приходите. Ревизијата во Р. Македонија е пропишана согласно Законот за трговски друштва и е задолжителна за големите и средните трговци, финансиските институции, друштвата чии финансиски извештаи котираат на берза, како и друштвата кои подготвуваат консолидирани финансиски извештаи.

Во интерес на прибирање на доволно компетентен и релевантен доказен материјал за оформување и изразување на објективно, независно и аргументирано мислење, ревизорот користи бројни постапки кои во основа се сведуваат на тестови на ревизија. Селектирањето на тестовите за ревизија се смета за последен и најкритичен чекор од ревизијата со кој се заокружуваат планот и програмата за конкретен ревизорски ангажман. Во зависност од конкретните ревизорски цели изведени врз основа на тврдењата во финансиските извештаи, ревизорот применува определени ревизорски постапки како што се набљудувањето, документирањето, конфирмирањето, споредба, распрашување, и други, а коишто служат за прибирање на ревизорски доказ. Применувајќи ги ревизорските постапки, ревизорот стекнува достатен соодветен ревизорски доказ. Во зависност од целта за којашто ревизорот собира доказ, повеќето

ревизорски постапки можат да бидат класифицирани или како тестови на контрола или како независни тестови.

Деловните ентитети, при донесувањето на економските одлуки, во не мал број случаи, се соочени со несигурноста и неизвесноста, односно секогаш постои извесен ризик оној кој ја донесува одлуката да селектира погрешна алтернатива, а како последица на тоа да се претрпат енормни загуби. Токму кредибилитетот, додаден од страна на ревизорот кон презентираните информации, де факто го редуцира нивото на информативниот ризик за субјектите инволвирани во донесувањето на деловните одлуки. Основа за подготовка на финансиските извештаи се сите книговодствени ставки кои се синтетизираат во БРУТО БИЛАНС. Бруто билансот содржи сумарни податоци за сите конта со колони за почетна состојба (должи и побарува), тековно (должи и побарува), вкупно (должи и побарува) и салдо на секоја сметка на датумот на подготовка.

За спроведување на брза, ефикасна и ефективна ревизија на финансиските извештаи на деловните ентитети во голема мера е условено од разбирањето и имплементирањето на трите фундаментални концепти на ревизијата: концептот на материјалност–значајност, концептот на ревизорски ризик и концептот на ревизорските докази. Утврденото ниво на материјалност - значајност и ревизорскиот ризик влијаат врз видот и обемот на ревизорските активности кои ќе бидат преземани за обезбедување на релевантни докази врз основа на кои ревизорот ќе го аргументира своето мислење во извештајот за извршената ревизија. Од правилното комбинирање и имплементирање на фундаменталните концепти зависи квалитетот на спроведената ревизија.

За да се прибере доволно компетентен и релевантен доказен материјал за оформување и изразување на објективно, независно и аргументирано мислење, ревизорот користи бројни постапки кои во основа се сведуваат на тестови на ревизија. Селектирањето на тестовите за ревизија се смета за последен и најкритичен чекор од ревизијата со кој се заокружува планот и програмата за конкретен ревизорски ангажман. Тестовите за ревизија се спроведуваат напоредно со другите постапки за селектирање на примерокот, за дефинирање на видот на тестирањето и за екстраполирањето на резултатите од тестирањето на целата популација на документи.

Врз основа на своето професионално расудување, ревизорот одлучува како ќе го собере потребниот доказ за да се докаже одредено тврдење. Меѓународните Стандарди за Ревизија, не содржат конкретни постапки за постигнување на оваа цел, туку само ги определуваат видовите на тестови коишто можат да се применат при собирањето на потребниот доказ. Видовите докази и постапките за нивно добивање можат да се класифицираат соодветно со намерата за која што доказот се собира.

Изведувајќи ги клучните фази од процесот на ревизијата, ревизорот спроведува ефикасна, ефективна и брза ревизија, врз основа на која оформува и изразува независно, компетентно и пред сè објективно и аргументирано мислење за ревидираните финансиски извештаи. Секоја фаза од ревизијата во себе вклучува бројни активности кои ревизорот, согласно со професионалната регулативи, треба грижливо да ги испланира, селектира и систематизира во детален и сеопфатен ревизорски план.

Ревизорот треба да ги провери и процени заклучоците извлечени од добиениот ревизорски доказ, како основа за изразување на мислење за финансиските извештаи. Оваа проверка и проценка вклучува разгледување на тоа дали финансиските извештаи се изготвени во согласност со прифатливата рамка за финансиско известување, без оглед дали тоа се Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) или важечките национални стандарди или практика. Ревизорскиот извештај треба да содржи јасно изразено писмено мислење за финансиските извештаи како целина да ги содржи сите пропишани елементи (наслов; име на корисникот; почетен или воведен пасус;

идентификација на финансиските извештаи подложни на ревизија; изјава за одговорноста на менаџментот на ентитетот и за одговорноста на ревизорот; пасус за делокруг; пасус со мислење кое изразува мнение за финансиските извештаи; датум на извештајот; адреса на ревизорот; и потпис на ревизорот). Степен на воедначеност на формата и содржината на ревизорскиот извештај е пожелен поради тоа што му олеснува на корисникот да го разбере извештајот и да се идентификуваат невообичаени околности и нивна појава.

Имајќи ги предвид овие опсервации и очекуваните трендови во развојот на ревизијата, материјата на овој високошколски учебник е компониран во два дела, и тоа:

- **Прв дел** - Општ теоретски осврт за ревизијата на финансиските извештаи и
- **Втор дел** – Спроведување на процесот на ревизијата,

во кои се обработени и теоретските но и практичните аспекти на ревизијата како научна и практична дисциплина.

При изготвувањето на книгата „РЕВИЗИЈА (теоретски и практични аспекти)“, е консултирана широка домашна и странска литература од оваа област, како и Законот за ревизија и публикуваните прирачници за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија. Секако овде е вткаено и долгогодишното искуство на авторот во работењето на полето на ревизијата, како и истражувањето и наставата по предметите Сметководствени контролни системи, Ревизија, Интерна ревизија и Државна ревизија, со единствена цел, изворно и компетентно презентирање на материјата.

Учебникот „РЕВИЗИЈА (теоретски и практични аспекти)“, е наменет за студентите на Економските и други факултети на кои се изучува предметната дисциплина Ревизија, со цел да ја осознаат потребата и придобивките од ревизијата. Овој ракопис ќе биде од корист и за лицата кои полагаат за овластен ревизор, овластените ревизори, менаџерите и сметководителите на деловните субјекти како и на сите стеикхолдери кои имаат потреба од квалитетни информации кои ги содржат ревидираните финансиски извештаи.

Искрено се надевам дека овој ракопис ќе ги продлабочи теоретските и практичните знаења на читателите од областа на ревизијата.

Како автор, со чувство на внимание и почит изразувам благодарност кон: рецензентите Професор д-р Оливера Ѓоргиева – Трајковска и професор д-р Лилјана Конеска за соработката при оформувањето на конечната верзија на трудот; кон м-р Грозда Костадинова – овластен ревизор за корисните сугестии и предлози за подобрување на квалитетот на трудот, кон Ефтимија Димитрова за техничкото уредување на трудот, кон лекторот Славица Манчева за успешно извршената лектура, со што трудот го постигна посакуваниот квалитет; кон студентите на Економски факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“, кои читајќи ја работната верзија на материјалот дадоа корисни предлози и сугестии за заокружување на обработуваната материја.

Искрена благодарност изразувам на членовите на моето семејство за покажаното разбирање и трпение во текот на пишувањето на учебникот, со надеж дека ќе ги надополниме пропуштените заеднички моменти.

Во иднина би била искрено благодарна за сите добронамерни и конструктивни совети, коментари и идеи поврзани со содржините од овој учебник од страна на читателската публика, студентите, стручната и научна јавност.

Сакам да ја истакнам и професионалната подготвеност и значајната стимулативна улога на Универзитетот „Гоце Делчев“ што севкупниот опус на напишаните трудови ги направи достапни во јавноста.

Штип, февруари 2020 Проф. д-р Јанка Димитрова

## Содржина


**ВОВЕД** ........ 18

**ДЕЛ 1. ОПШТ ТЕОРЕТСКИ ОСВРТ ЗА РЕВИЗИЈАТА** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1. ТЕОРЕТСКО - КОНЦЕПТУАЛНА РАМКА НА РЕВИЗИЈАТА** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1.1. Историски осврт врз ревизијата** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1.2. Современи стојалишта за дефинирањето на целите и задачите на ревизијата** **Error! Bookmark not defined.**

**1.3. Видови ревизија** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1.3.1. Ревизија според предметот на испитување** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.1.1. Ревизија на финансиските извештаи*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.1.2. Ревизија на усогласеност на постапките*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.1.3. Ревизија на работењето*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.1.4. Судска ревизија*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1.3.2. Ревизија според органот што ја спроведува** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.2.1. Екстерна ревизија*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.2.2. Интерна ревизија*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

**1.3.3. Ревизија според подрачјето што се испитува** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.3.1. Комерцијална ревизија*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

***1.3.3.2. Државна (јавна - фискална) ревизија*** ........ **Error! Bookmark not defined.**

1.4. Видови ревизори ........ Error! Bookmark not defined.
1.4.1. Екстерни ревизори ........ Error! Bookmark not defined.
1.4.2. Интерни ревизори ........ Error! Bookmark not defined.
1.4.3. Државни ревизори ........ Error! Bookmark not defined.
1.4.4. Судски ревизори ........ Error! Bookmark not defined.
1.5. Видови ревизорски услуги ........ Error! Bookmark not defined.
1.5.1. Атестирачки услуги ........ Error! Bookmark not defined.
1.5.2. Неатестирачки услуги ........ Error! Bookmark not defined.
2. РЕВИЗОРСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА... Error! Bookmark not defined.
2.1. Организација на ревизорите ........ Error! Bookmark not defined.
2.1.1. Органи на Институтот ........ Error! Bookmark not defined.
2.1.2 Комисии на Институтот ........ Error! Bookmark not defined.
2.1.3 Општи акти на Институтот ........ Error! Bookmark not defined.
2.1.4 Надлежности на Институтот ........ Error! Bookmark not defined.
2.2. Одговорност и придонес за квалитетно финансиско известување ........ Error! Bookmark not defined.
2.2.1. Одговорност на менаџментот ........ Error! Bookmark not defined.
2.2.2. Одбор за ревизија (Audit committee) ........ Error! Bookmark not defined.
2.2.3. Вработените во секторот за интерна ревизија ...... Error! Bookmark not defined.
2.2.4. Контрола на квалитет ........ Error! Bookmark not defined.
2.3. Совет за унапредување и надзор на ревизијата ........ Error! Bookmark not defined.
2.3.1. Работа на Советот ........ Error! Bookmark not defined.
2.3.2 Надлежности на Советот ........ Error! Bookmark not defined.
2.4. Друштва за ревизија ........ Error! Bookmark not defined.
3. КОДЕКС НА ЕТИКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ СМЕТКОВОДИТЕЛИ ..Error! Bookmark not defined.
3.1. Дел А - Општа примена на кодексот ........ Error! Bookmark not defined.
3.2. Дел Б - Професионални сметководители во јавната практика......Error! Bookmark not defined.
3.3. Дел В - Професионални сметководители во деловното работење ........ Error! Bookmark not defined.
4. МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ ЗА РЕВИЗИЈА И КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ ..... Error! Bookmark not defined.
5. ОДГОВОРНОСТА НА РЕВИЗОРИТЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ОТКТИВАЊЕ НА ИЗМАМА ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ........ Error! Bookmark not defined.

5.1. Карактеристики на измамата и видови на измами кои предизвикуваат погрешни прикажувања во финансиските извештаи .......... Error! Bookmark not defined.

5.1.1. Финансиско известување кое содржи измами ........... Error! Bookmark not defined.

5.1.2. Неовластено присвојување на средства ..................... Error! Bookmark not defined.

5.2. Одговорност на оние кои се одговорни за управувањето и на менаџментот Error! Bookmark not defined.

5.3. Инхерентни ограничувања на ревизијата во контекст на измамата во финансиските извештаи ................................................................ Error! Bookmark not defined.

5.4. Одговорност на ревизорот за откривање на материјално погрешно прикажување коешто е резултат на измама .......................... Error! Bookmark not defined.

5.4.1. Професионалниот скептицизам и откривањето на измама во финансиските извештаи ............................................................................................. Error! Bookmark not defined.

5.4.2. Постапки за проценка на ризикот .................................. Error! Bookmark not defined.

5.4.3. Идентификување и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување коешто е резултат на измама .......................... Error! Bookmark not defined.

5.4.4. Одговори на ризиците од материјално погрешно прикажување коешто е резултат на измама ......................................................................... Error! Bookmark not defined.

5.4.5. Оценка на ревизорските докази ...................................... Error! Bookmark not defined.

5.4.6. Документирање ..................................................................... Error! Bookmark not defined.

5.4.7. Комуницирање со менаџментот и оние кои се одговорни за управувањето Error! Bookmark not defined.

5.4.8. Повлекување од ангажманот ............................................ Error! Bookmark not defined.

5.5. Феноменот на „јаз во очекувањата” во контекст на одговорноста на ревизорите за откривање на измама во финансиските извештаи Error! Bookmark not defined.

6. УЛОГАТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ СКЕПТИЦИЗАМ ВО РЕВИЗИЈАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И НЕГОВАТА СООДВЕТНА ПРИМЕНА ..Error! Bookmark not defined.

6.1. Поимно определување и перспективи на професионалниот скептицизам Error! Bookmark not defined.

6.2. Соодветна примена на професионалниот скептицизам ........... Error! Bookmark not defined.

6.3. Идентификување на заканите и потенцијалните можности за унапредување на примената на професионалниот скептицизам ................ Error! Bookmark not defined.

6.3.1. Ниво на поединечен ревизор ...................................... Error! Bookmark not defined.

6.3.2. Ниво на тим на ангажманот ......................................... Error! Bookmark not defined.

6.3.3. Ниво на ревизорска фирма, односно ниво на ревизорска професија Error! Bookmark not defined.

6.4. Улогата на останатите заинтересирани страни во унапредувањето на примената на професионалниот скептицизам ..................... Error! Bookmark not defined.

6.4.1. Одбори и комисии за ревизија.................................. Error! Bookmark not defined.

6.4.2. Регулатори и инспектори ............................................ Error! Bookmark not defined.

6.4.3. Поставувачи на стандарди ......................................... Error! Bookmark not defined.

ДЕЛ 2 – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈАТА........... Error! Bookmark not defined.

1. ФАЗИ ВО ПРОЦЕСОТ НА РЕВИЗИЈА .................................. Error! Bookmark not defined.

1.1. Подготовка на писмо за ревизорско ангажирање и договор за вршење на ревизија ......................................................................................... Error! Bookmark not defined.

1.1.1. Пример на писмо за ревизорски ангажман ............ Error! Bookmark not defined.

1.1.2. Пример на договор за ревизорски ангажман ......... Error! Bookmark not defined.

1.2. Клучни фази од логичниот процес на ревизија............ Error! Bookmark not defined.

1.2.1. Планирање и креирање на ревизорскиот пристап.... Error! Bookmark not defined.

*1.2.1.1. Антиципативно планирање* ......................................... Error! Bookmark not defined.

*1.2.1.2. Прибирање информации за нов клиент* .................. Error! Bookmark not defined.

1.3. Спроведување на тестови на контрола и на суштински тестирања на трансакции........................................................................................ Error! Bookmark not defined.

1.4. Спроведување на аналитички постапки и тестови на поединости на салда и трансакции (суштински постапки) ............................................. Error! Bookmark not defined.

1.5. Комплетирање на ревизијата и публикување на ревизорскиот извештај .. Error! Bookmark not defined.

1.6. Вклучување на експерти во ревизијата за поквалитетни ревизорски извештаи ......................................................................................... Error! Bookmark not defined.

1.6.1. Утврдување на потребата од експертот на ревизорот .......... Error! Bookmark not defined.

1.6.2. Компетентност, способности и објективност на експертот на ревизорот Error! Bookmark not defined.

1.6.3. Посочување на експертот на ревизорот во ревизорскиот извештај ........... Error! Bookmark not defined.

2. ПРИФАЌАЊЕ/ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ПЛАНИРАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИ АНГАЖМАН........................................................................................ Error! Bookmark not defined.

2.1. Прифаќање на ревизорски ангажман................................ Error! Bookmark not defined.

2.2. Идентификување на значајни ризици - пример............ Error! Bookmark not defined.

*2.3.* Улогата на писмото за ангажирање на ревизор............ Error! Bookmark not defined.

2.4. Продолжување на ревизорскиот ангажман.................... Error! Bookmark not defined.

2.5. Договарање на одговорностите на раководството...... Error! Bookmark not defined.

2.6. Планирање на ревизијата ..................................................... Error! Bookmark not defined.
2.6.1. Активности на планирање................................................. Error! Bookmark not defined.
2.6.2. Природа и временски распоред на планирањето ..... Error! Bookmark not defined.
2.6.3. Прелиминарни активности за ангажманот .................. Error! Bookmark not defined.
2.7. Севкупна ревизорска стратегија ........................................ Error! Bookmark not defined.
2.8. План за ревизија..................................................................... Error! Bookmark not defined.
2.9. Документирање на ревизорската стратегија ................. Error! Bookmark not defined.
2.10. Дополнителни разгледувања на иницијалниот ревизорски ангажман...... Error! Bookmark not defined.
2.11. Карактеристики на ангажманот......................................... Error! Bookmark not defined.
2.12. Известување за целите, временскиот распоред на ревизијата, и природата на комуникацијата........................................................................... Error! Bookmark not defined.
3.АНАЛИЗИРАЊЕ И ОЦЕНКА НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕРНА КОНТРОЛА................ Error! Bookmark not defined.
*3.1.* Проценка на сметководствениот систем......................... Error! Bookmark not defined.
*3.2.* Проценка на контролните постапки.................................. Error! Bookmark not defined.
*3.3.* Проценка на контролното окружување ............................ Error! Bookmark not defined.
4. ФУНДАМЕНТАЛНИ КОНЦЕПТИ ВО РЕВИЗИЈАТА............. Error! Bookmark not defined.
4.1. Концепт на материјалност (значајност) ........................... Error! Bookmark not defined.
4.1.1. Определување на материјалност и материјалноста за извршување на ревизијата кога се планира ревизијата.................................... Error! Bookmark not defined.
4.1.2. Ревидирање на материјалноста во текот на извршување на ревизија Error! Bookmark not defined.
4.1.3. Документирање на материјалноста .......................... Error! Bookmark not defined.
4.1.4. Материјалноста и ревизорскиот ризик .................... Error! Bookmark not defined.
4.1.5. Определување на материјалност и материјалноста за извршување на ревизијата при планирање на ревизијата............................... Error! Bookmark not defined.
4.1.6.Утврдување на прелиминарна проценка на материјалноста (значајноста) Error! Bookmark not defined.
4.1.7. Алоцирање на прелиминарната проценка на материјалнота по салда на сметки или групи на трансакции ................................................ Error! Bookmark not defined.
4.1.8. Проценка на веројатните погрешни прикажувања и споредување на збировите со прелиминарната проценка на материјалноста.......... Error! Bookmark not defined.
4.2. Концепт на ревизорски ризик .............................................. Error! Bookmark not defined.
4.2.1.Компоненти на ревизорскиот ризик ................................. Error! Bookmark not defined.
4.2.2. Мерење и сумирање на ризикот на ревизијата........... Error! Bookmark not defined.

*4.2.3.* Подобрување на моделот на ризик.................................. Error! Bookmark not defined.

4.2.4. Ризик кој произлегува од примента на методот на примерок ....Error! Bookmark not defined.

4.2.5. Деловен ризик.................................................................... Error! Bookmark not defined.

4.2.6. Предноста на пристапот заснован на проценка на ризикот ...Error! Bookmark not defined.

4.2.7. Контроли за намалување на ризикот ........................ Error! Bookmark not defined.

4.3. Концепт на ревизорски доказ .............................................. Error! Bookmark not defined.

4.3.1. Компетентност на ревизорските докази ........................ Error! Bookmark not defined.

4.3.2. Адекватност или доволност на доказите на ревизијата ........ Error! Bookmark not defined.

4.3.3. Постапки (методи) на прибирање докази на ревизијата ........ Error! Bookmark not defined.

4.3.4. Видови ревизорски докази .............................................. Error! Bookmark not defined.

4.3.5. Достатен и соодветен (квантитативен и квалитативен) ревизорски доказ Error! Bookmark not defined.

4.3.6. Ревизорскиот доказ во функција на тврдењата во финансиските извештаи Error! Bookmark not defined.

4.4. Корелативна поврзаност на фундаменталните концепти во ревизијата.... Error! Bookmark not defined.

5. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРИМЕНА НА НЕЗАВИСНИ ТЕСТОВИ ВО РЕВИЗИЈАТА Error! Bookmark not defined.

5.1. Видови методологии за извршување на независни тестови .. Error! Bookmark not defined.

5.2.Општа рамка за развивање ревизорски програми за независни тестови.... Error! Bookmark not defined.

5.3. Суштина и видови на независни ревизорски тестови Error! Bookmark not defined.

5.3.1. Тестови на контрола.......................................................... Error! Bookmark not defined.

5.3.2.Независни ревизорски тестови ........................................ Error! Bookmark not defined.

*5.3.2.1. Аналитички постапки*................................................... Error! Bookmark not defined.

*5.3.2.2. Тестови на детали на салда*........................................ Error! Bookmark not defined.

*5.3.2.3. Тестови на детали на трансакции*........................... Error! Bookmark not defined.

5.4. Техники при извршувањто на тестови на детали ......... Error! Bookmark not defined.

5.5.Можни комбинации на ревизорски тестови .................... Error! Bookmark not defined.

6. КОРИСТЕЊЕ НА МЕТОД НА ПРИМЕРОК ВО РЕВИЗИЈАТА .......... Error! Bookmark not defined.

6.1. Фази при земање примерок................................................. Error! Bookmark not defined.

**6.1.1. Планирање на примерокот** ........................................ Error! Bookmark not defined.

**6.1.2. Одредување на големината на примерокот** ................ Error! Bookmark not defined.

***6.1.2.1. Големина на примерок за walk through тестови*** .. Error! Bookmark not defined.

**6.1.2.2. Големина на примерок за тестови на усогласеност** ............ Error! Bookmark not defined.

**6.2. Извршување на ревизорски постапки** .............................. Error! Bookmark not defined.

**6.3. Природа и причини на девијациите и грешките** ........... Error! Bookmark not defined.

***6.3.1. Проектирање на грешки*** .................................................. Error! Bookmark not defined.

**6.3.2. Вреднување на резултатите од примерокот** .......... Error! Bookmark not defined.

**6.4. Дизајнирање на примерок, големина и избор на ставки за тестирање** ....... Error! Bookmark not defined.

**6.5. Оценка на резултатите од методата на примерок** ........ Error! Bookmark not defined.

**6.6. Стратификација и селекција според пондерираната вредност** ..... Error! Bookmark not defined.

**6.7. Методи за избирање на примерокот** ................................. Error! Bookmark not defined.

***7.* РАБОТНИ ДОКУМЕНТИ** ........................................................ Error! Bookmark not defined.

**7.1. Цел и содржина на работните документи** ....................... Error! Bookmark not defined.

**7.2. Постојано и тековно досие на ревизијата** ...................... Error! Bookmark not defined.

**8. ЗАВРШУВАЊЕ НА РЕВИЗИЈАТА И ИАЗДАВАЊЕ ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР ВИДОВИ РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ** Error! Bookmark not defined.

**8.1. Видови ревизорски мислења** ............................................. Error! Bookmark not defined.

**8.1.1. Мислење без резерва - безусловно мислење** ............ Error! Bookmark not defined.

**8.1.2. Модифициран извештај** .................................................... Error! Bookmark not defined.

***8.1.2.1. Безусловно мислење со нагласување на одредено прашање*** ............... Error! Bookmark not defined.

***8.1.2.2. Мислење со резерва*** ........................................................ Error! Bookmark not defined.

***8.1.2.3. Воздржување од давање мислење*** ............................. Error! Bookmark not defined.

***8.1.2.4. Негативно мислење*** ....................................................... Error! Bookmark not defined.

**8.1.3. Несогласување со менаџментот** ..................................... Error! Bookmark not defined.

**9. ТЕОРЕТСКИ ОСНОВИ И ПОТРЕБИ ОД АЛОЦИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ОД РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ** ......................... Error! Bookmark not defined.

**9.1. Информации за акционерите** ............................................ Error! Bookmark not defined.

**9.2. Информации за берзата за долгорочни хартии од вредност** .... Error! Bookmark not defined.

**9.3. Информации за вработените** ............................................. Error! Bookmark not defined.

**9.4.Информации за доверителите и купувачите**..................... **Error! Bookmark not defined.**

**9.5.Информации за банките** ........................................................... **Error! Bookmark not defined.**

**9.6. Информации за централниот регистар** .............................. **Error! Bookmark not defined.**

**9.7. Информации за јавноста** ........................................................ **Error! Bookmark not defined.**

**9.8.Информации за државните органи и институции**............ **Error! Bookmark not defined.**

**БИБЛИОГРАФИЈА**.................................................................................. **Error! Bookmark not defined.**



**"ИДНИНАТА ИМ ПРИПАЃА НА ОНИЕ КОИ ЗА ВРЕМЕ НА ГОЛЕМИТЕ ПРОМЕНИ СЕ СПРЕМНИ ДА УЧАТ, А ОНИЕ КОИ МИСЛАТ ДЕКА ВЕЌЕ НЕМААТ ШТО ДА НАУЧАТ, ОСТАНУВААТ ЗАТЕЧЕНИ ВО СВЕТ КОЈ ВЕЌЕ НЕ ПОСТОИ" - ЕРИК ХОФЕР**

## ВОВЕД

Одлуката каде да се вложат вишокот пари што ги заштедиле физичките или правните лица е секогаш тешка и проследена со сериозни размислувања. Добро е да се има информации и увид во релевантни и кредибилитетни податоци за субјектот во кој сакаме да ги вложиме нашите пари, но уште подобро ќе биде ако тие информации и податоци се потврдени од луѓе кои се високостручни, професионалци, објективни, непристрасни и независни - **ревизори**[1].

Интерес за работењето на деловниот субјект имаат голем број корисници како што се инвеститорите, акционерите, основачите, работниците, државните органи, купувачите, добавувачите и други интересенти - **стеикхолдери**. Сите тие го наоѓаат својот интерес во доброто работење, просперитетот и профитабилноста на деловниот субјект во кој инвестираат.

Развојот на информационата технологија и комуникациите овозможија брзо ширење на бизнисот низ целиот свет, со што се избришани или не постојат трговските и инвестициските бариери - граници. Токму затоа се јави потребата од воведување на унифицираност во изготвувањето на финансиските извештаи за работењето на деловните субјекти низ целиот свет.

Со воведувањето на *меѓународните сметководствени стандарди* (МСС) и нивното прифаќање од голем број земји се избегнува шареноликоста во презентирањето на податоците за финансиската состојба на стопанските субјекти и примена на општоприфатената рамка за финансиско известување. Напоредно со воведените МСС и *меѓународните ревизорски стандарди* (МРС) нудат унифицираност при вршењето на ревизијата на финансиските извештаи и при изразувањето на независно ревизорско мислење.

Ревизијата опфаќа широк спектар на знаења од областа на сметководството, економијата, правото, етичките и законските норми, математички и статистички методи и претставува конгломерат од дисциплини и техники што на лицето - овластен ревизор му овозможуваат да донесе суд во врска со вистинитоста и веродостојноста на финансиските извештаи на ентитетот каде што се врши ревизијата. Ревизијата претставува целокупност на теоријата и концептите применети при испитување на различните циклуси од работењето на деловниот ентитет, како што се: циклусот на приходи, продажба, набавки, производство, како и испитувањето на средствата, изворите и капиталот. „Ревизијата опфаќа испитување и оценка на работењето, организираноста и деловните функции, начинот на донесувањето на деловните одлуки, функционирањето на информацискиот систем кај субјектите на ревизија, како и други прашања значајни за нивното работење”.[2]

Поради големината на субјектите на кои се врши ревизија и обемноста на финансиските трансакции не е можно да се изврши стопостотна ревизија на сите ставки и трансакции. За изведување на процесот на ревизијата, ревизорот применува независни ревизорски тестови (тестови на контрола, аналитички постапки, тестови на детали на трансакции и тестови на детали на салда), како алатки кои неминовно се изведуваат со користење на методот на примерок (испитување на примерок од популацијата - документите), што се покажува како ефективен и ефикасен метод при вршењето на ревизијата. Независните ревизорски тестови се изведуваат во функција

---

[1]Димитрова, д-р Јанка; „Теоретско-методолошки аспекти на независните ревизорски тестови и нивната функција во имплементацијата на фундаменталните концепти во ревизијата“; магистерски труд; 2005 г.; стр.205

[2]Николовски, д-р Пеце, „Организација на ревизијата на финансиските извештаи“, Економски факултет, Прилеп, 2004, стр.44

на имплементацијата на фундаменталните концепти на ревизијата (концептот на материјалност, ревизорски ризик и ревизорски доказ).

Токму поради тоа што при вршењето на ревизијата не е можно да се ревидираат сите ставки и трансакции, туку само дел од нив, мислењето се изразува со разумна сигурност и уверување дека изјавите и тврдењата во финансиските извештаи не содржат материјално значајни погрешни прикажувања.

По објаснувањето на основните концепти и дефиниции за ревизијата, акцентот на истражувањето ќе биде насочен и кон идентификување на сетот на финансиски извештаи кои се предмет на ревизија, како и кон трите фундаментални концепти во ревизијата: Концептот на материјалност-значајност со кој се утврдува нивото на прифатливата материјалната значајност на погрешните прикажувања во финансиските извештаи. Концептот на ревизорски ризик - со кој се утврдуваат видовите на ризици и нивото на нивната прифатливост, како и Концептот на ревизорски доказ преку кој се доаѓа до достатен и соодветен доказ за потврдување на тврдењата во финансиските извештаи.

Примената на независните тестови во ревизијата служат за обезбедување на доказ кој ќе ги поддржи тврдењата на менаџментот коишто имплицитно се прикажани во финансиските извештаи или да ги открие значајните неточности како резултат на измами и грешки во финансиските извештаи.

Во текот на обработката на содржината, континуирано ќе се прикажуваат практични примери од реалното изведување на процесот на ревизијата, а на крајот ќе се опишат постапките при вршењето на ревизијата во сите нејзини сегменти и изразување на независно ревизорско мислење, како и пример на комплетен ревизорски извештај на конкретно акционерско друштво во Република Македонија.